# СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ НАСПРОТИ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МЕДИУМИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

- Говорот на омраза е далеку повеќе присутен на интернет медиумите отколку на традиционалните медиуми
- Можноста за интернет анонимност го зголемува потенцијалот за ширење на говор на омраза
- Толерирањето на говорот на омраза, во екстремни случаи, може да доведе до организирани насилства кон цели групи на граѓани
- Во изминатите десетина години во Македонија, говорот на омраза беше употребуван за „пресметка“ со политички неистомисленици
- Нивото на културата на јавниот дијалог драстично опадна, особено во онлајн сферата, каде што нема услови за вистинска општествена и политичка дебата

## ДАЛИ Е РЕГУЛИРАН ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО МАКЕДОНИЈА?

- Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не ги опфаќа интернет-медиумите
- Онлајн медиумите се предмет на регулација во Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета
- Македонските правосудни органи за гонење и санкционирање на делата од областа на говорот на омраза се инертни
- Политичарите се едни од најголемите поттикнувачи на говорот на омраза во јавноста
- Но, политичарите се и најголемиот ресурс – заедно со граѓанското општество – за негова осуда и обесхрабрување

## КАКО ДА СЕ ВОДИ БОРБАТА ПРОТИВ ГОВОР НА ОМРАЗА?

- Воведување на механизми за следење и мерење на говорот на омразата во македонскиот сајбер-простор и можност за негова категоризација
- Интервенција во законската рамка за третманот на говорот на омраза во „офлајн“ и онлајн медиумите
- Воведување на функционален механизам за граѓанско пријавување на говор на омраза



- Спроведување на дополнителни обуки на функционери во надлежните институции на државата (Јавно обвинителство, Комисија за спречување дискриминација и сл.) во областа на гонењето на говорот на омраза
- Поттикнување и поддршка на истражувања за онлајн говорот на омраза, во обид што подобро да се разберат причините и последиците од ваквата активност
- Воведување на форма (владина или невладина) на национален регистар на лица и организации кои шират говор на омраза низ онлајн медиумите

ИЗРАЗУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС
ИНСТИТУТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ

Инфографиконот е изработен од Институтот за комуникациски студии во рамки на проектот „Изразување на јавниот интерес: зголемување на моќта на граѓанските организации во Македонија“

Funded by UK Government